# КАКО ДА ЗАРАБОТИТЕ ПАРИ




НОВА МАКЕДОНИЈА

ЈУНИ 2013 | БРОЈ 1

# Услуги за стари лица



Старите лица и пензионерите се најмногубројната популација во државата. Многумина од овие луѓе поради годините што натежнале, болести или спреченост од друг вид не се во можност нормално да ги извршуваат секојдневните обврски и потребна им е помош. Било да се работи за плаќање сметки за струја, парно, вода, купување храна, помош во градината, перење, пеглање, социјални активности, болнички услуги, прошетки, информации за здрава исхрана и разни совети, па сè до купување весник и едноставно лаф-муабет и дружење со нив. Ваквата практика е присутна во западните држави, каде што постојат волонтерски организации што 24 часа дневно, 365 дена во годината, даваат ваков вид услуги во домашни услови. Од истражувањата и од анализите на повеќето меѓународни организации може да се забележи дека еден од три стари лица страда од осаменост. Во Македонија овие показатели се уште позагрижувачки и старите луѓе се чувствуваат неприфатено и отфрлено од заедницата. Тоа особено важи за руралните средини, каде што има цели села напуштени од сите, во кои останале исклучиво стари лица.

## • ПОТРЕБНИ КРИТЕРИУМИ

За дејноста „услуга за пензионери" клучен критериум е дека практично нема лимитирачки критериуми. Со неа може да се занимаваат невработени лица, студенти, но и други категории граѓани како дополнителна дејност. Не ви е потребна ниту диплома за високо образование, ниту обука или сертификат за посетување одредени курсеви. Сè што ви треба се добра волја и желба за работа.

## • ПОЧЕТЕН КАПИТАЛ

За разлика од други професии, каде што ви се неопходни почетна инвестиција од минимум 3.000-5.000 евра за опрема, репроматеријали и друго, кај дејноста „услуги за пензионери" почетната инвестиција изнесува 0 денари. Потребно е само да се поврзете со пензионерските организации, Црвениот крст, Министерството за труд и социјала и со многу невладини организации од земјата и од регионот.

## • ВОЛОНТЕРСКИ ИЛИ ПРЕКУ ФИРМА

Дејноста може да се врши волонтерски, за што немаме никакви трошоци, но и како регистриран правен субјект. Централниот регистар неодамна ја намали тарифата за електронска регистрација на трговски друштва. Така, студентите на пример може да почнат бизнис за симболични 250 денари.

## • ЗАРАБОТКА

За вашиот ангажман секако би добивале одреден надомест од пензионерски здруженија, разни фондови, социјални институции, помош од државата... Колку ќе изнесува тоа пред сè зависи од вас, колку и каков вид активности ќе имате месечно, дали и како ќе ги користите европските искуства и фондови за таа намена итн. Во секој случај, вашите приходи ќе бидат многу поголеми од 0 денари, колку што би имале доколку не работите ништо. Покрај економската димензија, како можност за заработка оваа услуга има и длабока хуманистичка и социјална компонента поради фактот што со својот ангажман им помагате на една чувствителна категорија граѓани. Велат дека е здодевно да се старее, ама тоа е и единствениот начин долго да се живее. Затоа најсреќен е оној човек што ќе направи среќни други луѓе.



ДРАГИ АРГИРОВСКИ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СЗПМ

# Сервиси за стари лица се неминовна потреба

Александар Димковски

**Како лидер на најголемата организација во државата (со над 280.000 члена), кој најдобро ги знае потребите на пензионерите и на старите лица, што мислите за идејата за услуги за пензионери?**

- Стареењето на населението само по себе наметнува голем број проблеми, а последиците се чувствуваат во сите сфери на животот. Во нашата земја живеат над 320.000 стари лица, од кои околу 288.000 се старосни, семејни и инвалидски пензионери, а над 35 до 40 илјади стари лица поради немање потребен работен стаж од 15 години го немаат решено својот статус.

Најмногубројната и најактивна невладина и мултиетничка организација СЗПМ има 250.000 члена. Меѓу нив има голем број снеможени и осамени лица, кај кои секојдневно се јавува потреба за поголема грижа за нивното здравје и помош во извршувањето на обврските. Постојат и градски и селски населби во кои нема аптеки, банки и трговски центри или се доволно оддалечени од станбените единици, така што снеможените пензионери самостојно не можат да ги користат придобивките на современиот живот. Поради тоа се јавува потреба и кај нас, како што се искуствата во развиените земји на Европската заедница, да се организираат посебни сервис-услуги за пензионерите. Станува збор за ангажирање млади лица, невработени и студенти што со извесен надомест ќе вршат разни услуги за пензионерите, како што се купување лекови, плаќање разни сметки, чистење на просториите, готвење и слично.

Постојат и градски и селски населби во кои нема аптеки, банки и трговски центри или се доволно оддалечени од станбените единици, така што снеможените пензионери самостојно не можат да ги користат придобивките на современиот живот



**Што им е најпотребно на старите лица, но од разни причини се оневозможени сами да го прават?**

- Ваквата грижа на старите лица значително ќе придонесе за надминување на нивната депресија, меланхолија и разочараност, бидејќи секоја средба за нив значи радост, враќање на надежта во утрешниот ден и живот во похигиенски услови. Во досегашната практика се покажа дека и самиот разговор сò стари и напуштени лица и слушањето на нивните исповеди, за нив има големо значење, за што најчесто се многу благодарни. Поголем број од нив се заинтересирани да разменат мисли за многу актуелни прашања од животот, по традиција сакаат редовно да си ги плаќаат сметките за комуналните трошоци, за да нема камати, но поради снеможеност, болест и од други причини не се во можност да одат и да стојат во ред во експозитурите на банките, да набавуваат продукти во трговски центри и друго. Имаат потреба и од дневни и периодични весници, а особено се заинтересирани за пензионерската проблематика. Од друга страна, од економски аспект корист ќе имаат и помладите генерации, невработени, медицински сестри и други лица од евиденцијата на Агенцијата за вработување, како и студенти што ќе бидат ангажирани за вршење на овие услуги, секако со пригоден надомест.

**Според вашите сознанија, во кои реони е најизразена потребата од ваков вид услуги, во поголемите градови или во руралните реони?**

- Најголем број стари лица живеат во оддалечени рурални средини, во селски населби, каде што има потреба од воведување специјални услуги за пензионерите за купување продукти, за набавка на лекови, за плаќање сметки за струја, телефон и други комунални трошоци. Но ова се однесува и на сателитските населби во градовите, особено во Скопје, каде што повозрасното население има растечка потреба од т.н. „сениор-сервис“. Чувањето стари лица во домашни услови, најчесто во нивните станови или куќи, станува сè почеста појава. Истовремено се налага потребата од промовирање на меѓугенерациската соработка и солидарност и издигање на свеста на населението за правата и потребната помош и грижа на старите лица.

За целосно согледување на оваа проблематика, Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија поведе иницијатива за воведување социјална карта на пензионерите, за што потпиша меморандум со меѓународниот центар за регионално истражување и соработка „Студиорум“. Во пилот-истражувањето се согледани условите и квалитетот на животот на пензионерите во дел од неколку општини во Скопје. Пензионерите во главниот град живеат урбан живот и се соочуваат со сите придобивки и проблеми на урбаната средина. Се констатира дека е неопходно да се создадат дополнителни поволности со кои ќе се олесни и ќе се подобри животот на старите лица, за што одделен придонес може да има и сервис-услугата за пензионерите. Меѓутоа, доколку се обезбедат средства од меѓународната заедница, ќе се пристапи кон конкретен зафат за социјална карта на

пензионерите. Ваквите согледувања целосно ќе помогнат за создавање база на податоци за социјалната слика на оваа популација, за бројот на осамени и снеможени лица и нивните потреби и за создавање пососодветни услови за здраво и активно стареење.

**Дали и на кое ниво досега функционира ваквиот вид на услуги за старите лица?**

- Во повеќе здруженија на пензионери во нашата земја, по повод верските празници и други поводи и Неделата на стари лица, се организираат посети на осамени и снеможени лица. Тоа се убави средби, на кои доаѓа до полн израз хуманата димензија, но и повеќе од тоа. Задоволството е заемно, особено што кај осамените лица се разбиваат монотонијата и стравот на преживување.

Во домот на хуманитарните организации „Даре Џамбаз" и во Црвен крст во Чаир-Скопје две години успешно работи „Дневен центар за стари лица и центар за давање помош во домашни услови". Неколку медицински сестри и околу 40 волонтери посетуваат 120 стари и снеможени лица во неколку скопски општини. Се мерат крвен притисок и шеќер во крвта, се дава придружба за одење на лекар, се даваат совети за терапии, се грижат за правилна исхрана, се купуваат лекови или прехранбени артикли, се завршуваат административни работи, а останува време и за разговори и за прошетки.

Проектот е поддржан од градот Скопје и од Министерството за труд и социјална политика, како и од Австрискиот црвен крст и од Агенцијата за развој.

Секако, отворањето на дневните центри за стари лица претставува пресвртница во вониституционалната заштита на возрасните лица во Република Македонија. Покрај двата центри во Скопје, досега се отворени и во Чашка, во Самоков, во Бучин кај Крушево и во Вевчани, а во наредниот период се планира отворање нови вакви центри во Неготино, Илинден и во Гази Баба.

Потребата од отворање повеќе вакви центри е евидентна, а со тоа ќе може да се ангажираат со пригоден надомест и стотина млади лица. Деновиве во Црвениот крст на Македонија беше промовиран и прирачник „Грижа за стари лица", со што се обезбедува нова форма за интервенција на социјално ранливите групи.

Со тоа поуспешно ќе се имплментира и Националната стратегија за стари лица, со која се планира подобрување на социјално-економскиот статус на пензионерите и на старите лица.

**Која би била економската исплатливост од почнување една ваква дејност, но и можноста за дотации од државата или користење средства од меѓународни фондови?**

- Ваквата дејност е социјално корисна, но и исплатлива, бидејќи може да ангажира голем број невработени лица и волонтери што, според Законот за волонтерство, имаат право на надомест на трошоците и времето.

Средства за оваа намена може да се обезбедат од повеќе извори. Покрај донации од меѓународни фондови, поголема помош ќе треба и од државата. Впрочем, Република Македонија во Уставот се дефинира како социјална држава и таа треба да се грижи за пензионерите и за старите лица преку обезбедување социјална сигурност и пристап до социјални права. Во таа насока може да биде и обезбедување средства како за придружен член за снеможени стари лица. Посебно средства за оваа намена треба да се добиваат и од децата што ги оставиле старите лица и мигрирале. Законска обврска е децата да си ги чуваат родителите.

Сето тоа треба да овозможи да се соберат доволно пари за вршење сервис-услуги на осамените пензионери и стари лица за нивна спокојна и достоинствена старост.



# Поттик за граѓанскиот сектор и за бизнис-заедницата



Неда Милевска Костова, извршна директорка на меѓународниот центар за регионални истражувања и соработка „Студиорум“, вели дека во стратегијата за стари лица, како дел од основните активности за остварување на нејзините цели и мисија, се набројуваат значителен број услуги за повозрасното население (сениор-сервис) или за специфични подгрупи на ова население (на пример, стари лица во ризик, лица што се приматели на социјални услуги итн.), во насока на адресирање на нивните потреби за остварување достоинствен и квалитетен живот.

- За реализација на оваа стратегија е потребна соработка во сите сегменти од општеството, како државната и јавната администрација, така и граѓанскиот и бизнис-секторот. Оттука, по иницијатива главно од граѓанскиот сектор, ваков вид услуги веќе им се нудат на старите лица. Повеќето иницијативи досега се организирани и функционираат во главниот град, поради големината на градот, динамиката на живеење и честопати неможноста на помладите да се грижат за постарите генерации. Главно, овие услуги се однесуваат на посета во домот и разговор, плаќање сметки за режиските трошоци и испорака на топол оброк во домот.

Овие практики, иако новина во Македонија, во развиените земји постојат повеќе децении, и тоа во некои земји преку институционализирани форми што се дел од националниот систем на социјална заштита (Шведска, Норвешка), или како дополнување на социјалните услуги во фрагментираниот социјален систем (Соединетите Американски Држави) - вели Милевска.

Имајќи предвид дека Македонија е земја-кандидат за членство во ЕУ и нејзината долга традиција на социјална држава заснована на принципите на еднаквост и солидарност, определбата на националните политики со право се стреми кон инкорпорирање на овие услуги во националниот систем на социјална и здравствена заштита. Со оглед на тоа, потребно е да се развијат и усвојат политики и механизми со кои ќе се поттикнуваат граѓанскиот сектор и бизнис-заедницата за учество во реализацијата на овие цели преку разнородни активности што се идентификувани како потреба на повозрасното население.

Учеството на граѓанскиот и бизнис-секторот може да биде финансиско и нефинансиско. Нефинансиското учество во развиените земји најчесто е во форма на волонтирање и општествено корисно ангажирање на граѓаните, кои го користат своето слободно време за помагање во активност поврзана со обезбедување услуги за повозрасното население. Волонтерството е еден од најважните столбови во обезбедувањето одржливост на овие услуги во речиси сите развиени општества. Тоа овозможува покривање дел од трошоците преку вложување дел од времето на некоја категорија граѓани за потребите на друга категорија граѓани; тоа исто така придонесува за запознавање со општествените проблеми на другите популациски групи и издигнување на нивната свест.



## КОРИСНИ ЛИНКОВИ

http://www.wrvs.org.uk/

http://www.telegraph.co.uk/health/elderhealth/9572214/One-in-three-elderly-people-suffers-loneliness.html

http://www.guardian.co.uk/society/2011/sep/20/adopt-a-care-home-internet-older-people-

http://www.homeinstead.com/services/Pages/HomeHelperServices.aspx

http://www.longtermcarelink.net/a8profiles.htm

http://www.aarp.org/home-garden/housing/info-06 2009/